

# Лазар Личеноски

*Уметничката галерија од Куманово во соработка со уметничката галерија од Скопје*

# *Организира*

## *Изложба на слики од*

## *Лазар Личеноски*

*Изложбата е отворена во уметничката галерија — Куманово од 9 до 22 јуни 1978 год. секој ден освен во понеделник*

Лазар Личеновски роден е на 26. март 1901. во Галичник. 1927. завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград, а потоа до 1929. ги продолжил студиите во Париз, каде специјализирал фреско-техника. По враќањето од Париз до ослободувањето живеел во Белград. 1945. се вратил во Скопје каде што учествувал во формирањето на на Уметничкото училиште. Овде останал како професор се до смртта, во 1964 година.

Творештвото на Лазар Личеноски поделено е на две етапи: париска, под влијание на Лотовиот конструктивизам и сликарство на Пикасо со која, заправо, почнува неговата афирмација и другата, која претставува ослободување од странското влијание, создавајќи адекватен сликарски израз и одкривајќи ги убавините на македонското поднебје. Токму оваа фаза претставува најубавиот дел на неговиот сликарски опус, во кои дела срекаваме свежа, звучна и пастозна палета на широките пејсажи, со црвенилото на земјата, суровите камењари и бачила, длабочините на Охридското езеро, столетните ѕидови на манастирите и друго.

Во фигуралните композиции Личеноски обработувал најчесто мотиви од народниот живот со нагласена наративност, со фолклорни елементи зналачки поврзувајќи ја фигурата и пејсажот.

Личеноски не ја занемарувал ни мртвата природа како и портретот. Тој воедно се занимавал со фреско-сликарство и мозаик.

Опусот и делото на Лазар Личеноски е извонредно голем и богат. Потребни се поголеми и детални студии на неговите дела, за да се добие правата претстава за неговите вредности и доприноси во нашата културна историја.

Оваа изложба во Уметничката галерија прикажува само мал дел од неговиот творешки опус, она што институцијата успеала да го собере и сочува во текот на годините одкако е формирана и претставува квантите на неговата творчкак дејност.